**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 13.11.2019
Орг единица Njësia org: 10 | Број Numër: 4970 | Прилог Shtesë: 1 | Вредност Vlerë:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија

3. **Период опфатен со надзорот:** 14 октомври 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 ноември 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

**- Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%).

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 26.08.2019 година, за непочитување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена (Уп1 бр. 03-417 од 26.08.2019 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (29.08.2019 g.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, емитуван на 14 октомври 2019 година, на локално ниво, **констатирано е дека не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно не ја отстранил извршената повреда на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%).

Со надзорот е констатирано дека на 14 октомври 2019 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, емитуваше 2 часа 6 минути и 25 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **9,30%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 39 минути и 28 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 14 октомври што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:39:28 часа), е 6 часа 47 минути и 50 секунди. ТРД ТВ Нова ДОО Гевгелија емитуваше за 4 часа 41 минута и 25 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, на 14 октомври 2019 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка – јавна опомена, донесено на 26 август 2019 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на повредата од член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- **Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***